УДК 005.44:355.02(100)
**Сергеј Цветковски,**

*Институт за безбедност, одбрана и мир- Филозофски факултет, Скопје*

**Горан Зенделовски,**

*Институт за безбедност, одбрана и мир- Филозофски факултет, Скопје*

# Тековни состојби и перспективи на воениот фактор во светот

***Апстракт:*** *Во меѓународната заедница се судираат различни и противречни општествени и политички сили, кои согласно своите интереси и цели ги менуваат постоечките општествени односи во глобалното општество. Улогата на силата, особено воената, ќе биде пресудна во воспоставувањето на релациите при меѓународните спротивставености. Анализирањето на тенденциите во развојот на воениот фактор се наметнува како потреба за подготовка за спротивставување на евентуално воено насилство од големи размери. Истражувачките прашања на кои во овој труд е направен обид да се одговори се: Како процесот на глобализацијата ќе влијаае врз безбедноста?!; Која е иднината на воените сојузи?!; и Каква е поврзаноста на светската економска криза и меѓународниот мир?! Ниту едно од овие прашања не може да се разгледува независно од новиот моментум на трката во вооружувањето. Во позадина на овие процеси е тенденцијата за еднострана воена надмоќ и контрола. Настапува период на триполаризам во меѓународните односи. Мешањето во внатрешните работи на економски послабите земји ќе биде основна ориентација на голмите сили и во наредните декади. Ново европско кризно жариште е помалку веројатно, наспроти зголемената веројатност за пренесување на „борбените“ дејства во ниската вселена. Пронаоѓањето на вистински и доготрајни решенија за зачувување на глобалниот мир мора да биде императив во активноста на меѓународно признатите институции.*

***Клучни зборови****: сила, воен фактор, безбедност, поларизам, кризно жариште*

# Current states and perspectives on the military factor in the world

***Abstract:*** *Inside the Iinternational community is collision of different and contradictory social and political forces which according to their interests and goals, do alter existing social relations in the global society. The role of force, especially the military, will be crucial in establishing relations in international confrontations. Analyzing the trends in the development of the military factor is imposed as a need for preparation for opposing possible military violence on a large scale. The research questions which this paper attempts to answer are: How will the process of globalization affect security?!; What is the future of military alliances?!; and What is the connection between the global economic crisis and international peace?! None of these issues can be considered independently of the new momentum of the arms race. In the background of these processes is the tendency for unilateral military supremacy and control. There is a period of tripolarism in international relations. Interference in the internal affairs of the economically*

*weaker countries will be the main orientation of the great powers in the coming decades. A new European crisis hotspot is less likely, despite the increasing likelihood of transferring „combat" actions to the low cosmic space. Finding the real and the enduring solutions to preserve global peace must be an imperative in the activity of internationally recognized institutions.*

***Key words:*** *force, military factor, security, polarism, crisis hotspot*

## Вовед

Со самиот свој почеток 21 век е окарктеризиран со длабоки превривања, кризи и воени судири. Периодот на Студена војна беше обележен од конвенционални војни од помали рамери и од кампањи на бунтови и противбунтовнички дејства. Вообичаените војни како меѓудржавни конфликти имаа склоност да бидат ограничени во нивното траење и исход и целосно под влијание на географскиот контекст на општеството на Студента војна. Потипично беше преовладувањето на граѓанската војна отколку на меѓународната војна. Многу конфликти во втората половина на дваесетиот век беа граѓански војни и востанија. Многу од овие конфликти беа антиопштествени конфликти и конфликти предизвикани од арбитражните граници кои колонијализмот ги остави од времето на неговото постоење. Трета светска војна беше избегната, но војната во „третиот свет" не беше. Како континуитет на минатиот век во одредени глобални општества но, и во меѓународната заедница се спротивставуваат различни и противречни општествени и политички сили, кои се обидуваат постоечките општествени односи во глобалното општество и во меѓународни размери да ги менуваат согласно своите интереси и цели. Односите на тие спротивставени цели и активностите кои се инспирирани од истите им даваат основно обележје на економските, политичките и културните процеси во светот на денешниот степен на неговиот цивилизациски развој. Од релациите на спротивставените сили кои се носители на тие тенденции, ќе зависи и иднината на мирот, односно, од улогата на силата, (особено воената) ќе биде одредено надминувањето на меѓународните спротивставености. Нивното анализирање е една од основните претпоставки за постигнувањето мир во светот, но и за успешна подготовка за спротивставување на насилството на кое една суверена мала земја би била изложена. Суверенитетот кој претставува моќ на субјектот сам да донесува одлуки за својата судбина и да презема акција независно од другите субјекти, има поинакво значење во новите околности. Глобализациските процеси придонесоа суверенитетот да добие нова смисла во делот на регулаторните функции. Но, процесите на глобализација го добија и приматот во регулирање на светските случувања. „Контроверзите и ривалствата од времето на Студената војна, оставија антагонизми кои водеа кон редица војни и конфликти насекаде во светот. Периодите исполнети со осцилации на мир и војна укажаа дека на процесите на глобализацијата и војната како општествена појава, не треба да се гледа како на посебни издвоени прашања" (Зенделовски и Нацев 2014, 233).

## 1. Глобализацијата и воениот фактор

Глобализацијата (но истовремено и регионализацијата), во своето најосновно значење, како незапирлив процес во наредниот период ќе биде основниот следбеник на развојот на човековото општество. „Различните толкувања и вреднувања на глобализацијата произлегуваат (и) од тоа што таа предизвикува различни ефекти во одделни средини и покрива широк дијапазон на позитивни и негативни трендови и процеси. Притоа за некои

глобализацијата претставува зло, а за други добра работа. Многумина ја поистоветуваат со изразите левијатан, демонизација, орвелизација (...) односно закана на општите цивилизациски вредности и егзистенцијални добра. За други таа е вистински почеток на демократијата, слободата и прогресот" (Зенделовски и Нацев 2014, 17). Нејзините облици на исполување ќе се менуваат во зависност од тоа кои се општествените сили кои се носители на глобалистичките тенденции, но, во суштина ќе останат непроменливи или само модифицирани. Така, на сегашната глобализација може да се гледа како на посреден облик на некогашниот колонијализам кој беше разбиен во својот класичен облик. Глобализацијата односно регионализацијата, фрагментацијата и антиглобализацијата перцепирани како форма на неоколонијализам и антиколонијализам се пратени од појавите на расизам, национализам, шовинизам, како и економски, културни информациони и други облици на условување. Сето тоа е следено од многу суптилни облици на политичко условување и воено потчинување кои иако некогаш наметнати, во својата појава даваат привид на соработка. Таквите тенденции во меѓународните односи се реалност на современиот свет и тие не треба да се пренабрегнуваат имајќи во вид дека нивните носители се покажуваат како прилично настојчиви, издржливи и прилагодливи на новите услови на пробразување на светот. За разлика од останатите познати аспекти на глобализацијата, воената глобализација претставува нов сегмент. Компонентите низ кои се пројавува воената глобализација како што се глобалната трговија со оружје, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, порастот и значењето на транснационалните воени корпорации, појавата на транснационален тероризам и др. кажуваат дека се создава нов глобален воен поредок со што моделот на воената глобализација ќе биде главно вон контрола и дофат на националните државни заедници и наднационалните механизми за контрола (Мекгру 2009, 14-33).

Независно од разликите и спротивставените интереси, па дури и судири помеѓу големите глобализациски сили, и од фактот што некои од тие можности во политичките и економските неразвиени земји можат да бидат материјализирани со нови безбедносни импликации, сепак можеме да зборуваме за нов историски период во кој луѓето живеат побезбедно отколку било кога до сега. Иако *Глобалниот индекс на мирот* покажува благ пораст на небезбедноста во последнава декада (Global Peace Index 2018), сепак индикаторите на општата човекова безбедност се во прилог на пораст на условите на човеков развој на светско ниво (UNDP 2016). Во тој контекст, борбата за зачувување и зајакнување на демократските принципи добива историско значение. Од демократскиот развој и унапредувањето на принципите за заштита на човековите права и унапредувањето на човековата безбедност пошироко, ќе зависи и степенот на успешност на борбата за создавање на нов свет – свет на безбедност и благосостојба, општа слобода и рамноправни демократски односи помеѓу луѓето и народите.

Исклучително значајно да се нагласи е дека сите тие позитивни општествено-политички процеси ќе се одвиваат во услови на конкурентска поделеност, нагласена идеологизација на меѓудржавните односи, конфронтација, судири и секако продолжување на трката во вооружувањето по период на релативен застој од речиси три децении. Во врска со тоа ќе биде и зацврстување на веќе постоечките и воспоставување на нови наднационални економски, политички и воени институции кои со своето делување ќе ги насочуваат останатите општествени процеси. Носителите на глобалните аспирации ќе бидат реално видливи на регионален и локален план. Се повеќе ќе се исполува тежнението за зајакнување на кохезијата во рамките на постоечките воени сојузи, со зголемување на бројот на нивните земји членки и проширување на географското простирање на нивното влијание и контрола. Тоа ќе се остварува не само со формално проширување на таквите сојузи, туку и со

билатерални договори и партнерства со земји кои официјално не се нивен составен дел (како на пример случајот на воспоставените релации меѓу НАТО и Србија со политички дијалог и соработка во заеднички интерес при што тековно фокусот на партнерството е ставен на демократски, институционални и одбранбени реформи (European Western Balkans 2018)). Неформалното проширување на таквите сојузи меѓудругото ќе се одвива и со пролиферација на оружје и опрема во таквите земји и зголемување на бројот и капацитетот на воените бази на териториите надвор од воениот сојуз.

## 2. **Основни тенденции на општествено политичките и економските односи во современиот свет**

Нерамномерниот економски развој и разликата во поседување на природни ресурси и во располагањето и користењето на создадените богатства и понатаму ќе бидат израз на неправедни протекционистички меѓународни економски односи кои ги обележува односот на експлоатација. Светската економска криза која се јави пред 10 години, независно од тоа што ги нема истите корени и последици насекаде, ги носи опасностите по светскиот мир, слобода и независност на многу мали земји. Таа доведе до намалување на динамиката на глобализациските процеси, а воедно и до пренасочување на нејзините текови кон други правци. Кризата која доби глобални димензии имаше економски, политички, социјални, безбедносни, демографски, културни, идеолошки и еколошки обележја. Ефектите на кризата не беа подеднакви за сите земји. „Некои во зависност од економската сила на земјата, ги направи победници, како на пример Кина и други азиски земји, додека други губитници – Исланд, Ирска, Обединетот Кралство, САД, Грција, Шпанија и Португалија“ (Зенделовски и Нацев 2014, 130). Економските и безбедносните аналитичари во ситуација на глобален економски колапс предвидуваа редица на трговски војни, ширење на национализам, територијални поделби, мултиплицирани регионални конфликти и глобален беспоредок. Поради финансиските флуктации и најразвиените земји се чувствуваа парализирано во политичката, социјалната и безбедносно-воената сфера, при што влошената внатрешна состојба на земјите се одрази врз нивната надворешна политика во повеќе аспекти. Во овој случај како спасители од финансиската криза се јавија токму земјите во развој како Кина која ги врати во живот западните банки и финансиски институции. Според податоците на ООН во 2007 година развиениот Север примил 857 милијарди долари помош од земјите во развој (Pudar 2010, 228). Тековно, голем број земји се економски задолжени и се соочуваат со тешкотии во платниот биланс. Од друга страна, веќе децении наназад економски моќните земји не покажуваат доволно подготвеност или волја сериозно да се ангажираат за решавање на светските економски проблеми, ниту да отстапат од своите привилегирани позициии и тесни интереси. Некои од тие земји дури и придонесуваат за продлабочување на светската економска криза со сите нејзини политички и други импликации. Оттука, заострувањата на полето на светските економски односи ќе бидат изразени и во наредните декади.

Економската моќ и понатаму ќе се користи за остварување на политички аспирации и подредување на државите и народите преку создавање на систем на зависност во глобални и регионални размери. Тоа само по себе значи дека воената сила го има изгубено видливото првостепено значение во арсеналот на средствата на настапувачки политики, но, е сосема извесно дека нејзината симбиоза со економската сила ќе биде се повеќе изразена. Со одржување на постоечкиот систем на меѓународни односи, развиените земји ќе ја надминуваат енергетската криза и кризата за суровини и храна за сметка на послабо

развиените земји. Според *Глобал Репорт 2009* се издвојува регионот на немуслиманска Африка, (33 земји) со највисока стапка на стагнација и распаѓање и претставува најголема опасност за стабилноста и безбедноста во регионот и пошироко. Вториот критичен регион се муслиманските земји (околу 42 држави), во кој и покрај напредокот во споредба со минатото, сепак се присутни сериозни тензии поради нафтените ресурси и автократскиот поредок. Од тие причини вториве земји, во кои според некои проценки, до средината на овој век ќе живеат 9/10 од вкупната човечка популација, ќе бидат соочени со значителни проблеми (Marshall and Cole 2009, 4). Неразвиените земји ќе бидат извор на нестабилност за себе, но и за развиените земји. Иако во моментов трендот на бегалци и мигранти од неразвиените земји кон земјите со висок развој е во опаѓање во однос на високиот пораст во последните неколку години, сепак, процесот на миграции ќе продолжи во континуитет на неопределно време.

И понатаму големиот интерес за економски послабо развиените земји, во минатиот век именувани како „земји од третиот свет", произлегува од фактот дека тие сеуште се богати со стратегиски суровини кои имаат огромно значење за развојот на воената индустрија и воените структури и дека со користењето на ефтина работна сила во тие земји капиталот лесно може да се оплодува, па дури и ако се користи застарена т.н. нечиста технологија. Особено западна Европа и Јапонија се поприлично зависни од надворешни извори на енергија и стратегиски суровини. Покрај тоа, неразвиените земји се потенцијално големи пазари, погодни локации за подигнување и користење на поморски и воздухопловни бази, а на нивните територии се наоѓаат клучни точки за контрола на стратегиските поморски патишта. Да се обезбеди пристап кон тие извори и суровини, да се обезбедат базите и комуникациите за сопствени потреби, односно да се попречи истите да ги поседува секоја конкурентска сила, ќе биде витален интерес на сите големи сили. Но бидејќи сферите на интереси и влијанија на големите сили на таквите подрачја никогаш не се јасно дефинирани и бидејќи таквите подрачја најчесто се карактеризираат со изразена општественополитичка нестабилност, во услови кога големите сили јасно ги исполуваат своите глобални интереси, доаѓа до поклопување на тие интереси, односно до нивно јасно изразено судирање во тие подрачја. Тоа значи дека мешањето во внатрешните работи на економско неразвиените земји, станува постојана преокупација и пракса на стратегиите на големите сили, што секако ќе поттикнува нови локални и регионални војни, во кои покрај домашните актери, значајна улога ќе имаат големите сили и воени алијанси.

Оттука, може поприлично сигурно да се предвиди дека меѓународните односи и понатаму ќе ги карактеризираат различни кризни жаришта. Меѓутоа тие, нема како до сега да бидат изразени единствено на источна Европа, Блискиот и Средниот исток, Авганистан, северна Африка и „рогот" на Африка, туку најверојатно ќе се прошируваат и на сите подрачја каде се преклопуваат интересите на големите сили со што се имплицира нивно директно или индиректно спротивставување. Кризите во новите региони ќе се појавуваат ненадејно и во зависност од нивното значение ќе се шират во локални, па дури и регионални војни. Но, исто така создавање и разгорување на кризните жаришта е можно и во Европа, особено во нејзиниот јужен дел. Токму на овие простори, повеќе отколку во било кој друг дел од Европа, постојат обремености од минатото, наследена ограниченост во погледите, предрасуди и недоверби и до завршувањето на Студената војна имаше концентација на воена моќ која беше проценета на второ место по онаа во централна Европа. Меѓународните и меѓудржавните односи на ова подрачје се окарктеризирани со наследените обележја на судирање на големите сили и економските и политичките групации. Територијалните претензии на некои од земјите во овој регион се поврзани со аспирациите на некои од големите сили за просторот на европскиот југоисток и Блискиот Исток и токму тоа би

можело сериозно да ја загрози безбедноста на земјите на тие географски простори. Во моментов не изгледа потоплно јасно дека мирот на балканскиот простор е целосно осигуран. Од друга страна, мала е веројатноста дека сега и во нареднава декада би дошло до војна од светски размери. За ваквото тврдење се потребни сериозни анализи, но постојат одредени општи фактори кои делуваат ограничувачки за една светска војна. Најзначаен секако е нуклеарниот фактор кој согласно своите внатрешни законитости и противречности ја доведува во прашање самата цел на војната како средство на политиката.

### 3. Технологијата и воениот фактор

Техничко технолошкиот развој применет во производството, како никогаш до сега создаде услови за меѓузависност, взаемна поврзаност и просперитет на човековата цивилизација. Но, во исто време, големите достигнувања на науката, техниката и технологијата се ставаат првенствено во воена употреба. Со нив располагаат високо развиените земји и истите ги користат како средство за доминација. Овие земји не се подготвени да прават технолошки отстапки кон помалку развиените земји, туку напротив науката, техниката и технологијата ги претвараат во средство на политика и стратегија за специјално војување. Користењето на науката, техниката и технологијата за воени цели односно нивно претварање во средство на сила денес е без преседан во историјата на човештвото. Најголемите идеји на човечкиот ум се користат првенствено, за производство на вооружување чија примена може да го загрози и самиот опстанок на човековиот род. Трката во вооружување откако на крајот на минатиот век постигна глобални размери, со завршувањето на Студената војна беше на некој начин релативно ограничена по постигнувањето и примената на договорите за разоружување, денес е насочена кон усовршување на постоечките и дополнителен развој на нови оружја. Сведоци сме на неодамнешната изјава на челниците на САД за излегувањето на САД од договорот за нуклеарни проектили од среден дострел. Тоа укажува на потенцијално реактивирање на трката во вооружување по еден период на контрола на оружјето и “долг мир”. Контролата на вооружувањето ја рефлектираше состојбата на полтичката реалност на намалување на затегнатоста на односите Исток-Запад и уривањето на недовербата Советски Сојуз- САД во тоа време. Сепак, ограничувањето на трката во вооружување не треба да биде сфатена потполно сериозно. Причината е што во позадина секогаш на тој процес може да стои тенденцијата за еднострана воена надмоќ. Нуклеарните тестови кои ги изведоа Индија и Пакистан во мај 1998 година ја демонстрираа кршливоста на целокупниот режим за неширење. (Бејлис и Смит 2009, 239). На големите сили им е прилично јасно дека не можат да остварат еднострана предност без револуционерен продор во технолошката сфера, но и тука само теоретски со оглед на паралелизмот во научно-техничкиот и технолошкиот развој на водечките светски сили. Ниту една голема сила нема да дозволи значително нарушување на односот во воената моќ на своја штета, па така и во нарената деценија може да се очекува баланс на воената моќ на главните воени актери во форма на триполаризам (каде третата страна ја сочинуваат воените сили кои не беа потписници на START договорите како Кина и според терминологијата на САД т.н. *Одметнатите држави* како Северна Кореја и Иран) но, на едно повисоко квалитативно ниво од сегашното. Сето тоа ќе имплицира и нужни и значајни измени во сферата на водењето војна.

И покрај фактот дека во Европа се наоѓаше најголемата концентрација на оружје и дека во неа често се нарушува и повторно воспоставува рамнотежата на сили, со повремени драматични пропагандни, дипломатски и политички импликации на тие придвижувања, сферите на влијание и интересните сфери за Западот и Истокот во централниот дел на тој

континент се јасно дефинирани и разграничени, а нивните меѓусебни односи се релативно стабилизирани. Под притисок на сознанието од крајот на минатиот век дека сферите на влијание не можат да се шират со нуклеарни средства, некогашната конфронтација на Исток-Запад изразена во Европа, денес своето тежиште го има поместено кон подрачјата на послабо развиените земји, претопено во конфронатција Север наспроти Исток (Блиски, Среден и Далечен).

Факт е дека токму поради делувањето на ограничувачките фактори на глобален план како што беше нуклеарното оружје во последниве 7 децении (од завршувањето на Втората Светска војна) имаше многу локални и регионални војни и воени интервенции и дека најверојатно тој тренд ќе се одржи. Учеството на големите воени сили во тие конфликти (директно или индиректно), било да станува збор за внатрешни или меѓудржавни конфликти, ќе биде поочиглено и поинтензивно отколку досега и токму тоа може да води кон опасност од ескалација на локалните конфликти во регионални.

Во такви услови реално е да се претпостави дека во наредните децении политичкото и военото однесување на големите сили ќе се исполува во знакот на подготовката за воспоставување на контрола на ниската вселена како и истовремено подготовка за учество и водење на ограничени конвенционални војни, воени интервенции и специјално војување во оние региони од светот каде што ќе проценат дека се загрозени или можат да бидат загрозени нивните интереси. Сосема е извесно дека во спроведувањето на специјалните активности во наредниот период ќе се продолжи со поинтензивно користење на пропагандни, дипломатски, политички, воени и особено економски средства.

### 4. Кризата на цивилизацијата и воениот фактор

Почетокот на 21 век беше обележан со прилично интензивна идеологизација на културата и целокупната општествена надградба, се поизразена политизација и подгрејување на национални и верски чувства. Особено е изразено во делувањето на религиите, кои настојуваат да се прилагодат на новите околности и да се вклучат во најзначајните општествено-политички процеси во светот. Се очекува и во наредниот период да биде исполена нивната противречна политичка улога. Тие се вклучени во политичкиот живот а некои од нив се основен двигател на одредени општествени движења, додека други даваат суштински обележја на државните форми на управување, се претставуваат како единствени носители на националниот идентитет на одредени народи или како во случајот со движењето на Исламска група каде религијата е наметка зад кој се бутка проектот Исламски калифат за целосно на воспоставување нова исламска држава на територии од неколку веќе постоечки држави.

„Етничкото чистење“ како „финално решение“ е секако една од најзлосторничките фрази влезени во политичкиот речник на XX век. Иронично е но, диктаторските влади, кои беа обвинувани за меѓудржавните војни во минатиот век, всушност биле од помош во спречуваето на граѓанските војни како на пример во Југославија и Советскиот Сојуз. Војните помеѓу државите и војните помеѓу нациите и племињата во државите се разочарувачко познати, но, нова е идејата дека идните конфликти во глобалната политика ќе се појавуваат меѓу цивилизациите. Хантингтон расправа дека цивилизацијата е највисокото културно групирање на луѓето и најширокото ниво на културен идентитет кој го имаат луѓето. Тој предвиде дека основните извори на идните конфликти ќе бидат културни (Huntington 1996, 24).

Сето ова погоре изложено е појавен облик на перманентна криза со која светската цивилизација живее од завршувањето на Втората Светска војна. Таквата криза во целиот тој период не беше секогаш со ист интензитет. Обликот на нејзиното осцилирање и некои нови заострувања и размери кои ги поприма, ги наведува познавачите на меѓународните односи овој тековен период да го именуваат како *нова светска студена војна*. Нејзиното битно обележје е флуктација на односите меѓу големите сили. Во сегашните услови, содржината на меѓународните односи поприми такви обележја, што е прилично тешко да се разграничи она што се нарекува соработка од она што ја чини конфронтацијата. Таквата неодредена состојба на односите уште при крајот на минатиот век беше означена со синтагмата „контролирана соработка" и „контролирана конфронтација", што всушност е веродостоен приказ на односот помеѓу големите сили и кризата во која повремено запаѓаат меѓународните односи во целина. Тоа најдобро го потврдува фактот што т.н. контролирани конфликти, при што се мисли на локалните војни, можат се потешко да се контролираат, односно дека е се поголема опасноста таквите оружени судири да прераснат во поголеми судири. Од таквите константи во меѓународните односи во минатите декади, произлегуваат одредени назначени тенденции, кои најверојатно ќе продолжат и во наредните неколку декади. Тоа значи дека кризите во меѓународните односи ќе се репојавуваат и тоа во постра форма а постоечките инструменти за решавање на светските проблеми и понатаму ќе покажуваат недоволна ефикасност. Во еден свет на мултиполаризам ќе биде исклучително тешко да се решаваат меѓународните проблеми, но сепак учеството, залагањето и соодлучувањето на Европската Унија, Кина, Јапонија и некои други земји е подобрата опција отколку можните решенија во евентуален нов биполаризам. Решавањето на надворешно-политичките и меѓународните кризи мора да биде во согласност со меѓународно признатите институции. Подобрување на тековнава состојба на меѓународен план бара рамномерно и неподелено ангажирање на сите земји и народи од светот во решавањето на меѓународните проблеми. Вистинските и долготрајни решенија моќат да се најдат само во рамноправната и мирољубива соработка помеѓу народите и државите врз основа на доследно почитување на базичните начела на Повелбата на ОН и принципите на мирољубива активна коегзистенција. Иако звучи малку утописки, но, тоа е веројатно е единствената претпоставка за универзален мир. Тоа беа ставови кои преовладуваа до завршувањето на Студената војна. Но сега постои една друга контроверза- стремежот да се стави правдата пред мирот за што сведочи зголемувањето на воеmoто насилство предизвикано од воените интервенции во поддршка на човековите права и демократските вредности.

## Наместо заклучок: Перспективи на воениот фактор

Појавата и развојот на нуклеарното оружје го означи периодот на Студената војна во која самото нуклеарно оружје и стави крај на ерата на тотална војна. Како последица на тоа Големите сили беа вклучени единствено во ограничените војни. Притисокот од велесилите ја одвраќаше ескалацијата на вообичаените меѓудржавни конфликти. Потипични форми на војна беа бунтот и специјалната војна. „Третиот свет" стана поволно место за таквите конфликти.

Соединетите американски држави, Русија и Кина без оглед на индивидуалните разлики на нивната економска моќ, израснаа во глобални сили со глобални интереси. Покрај нив во светската заедница делуваат уште неколку големи сили кои исто така имаат глобални и регионални претензии. Утврдувањето на овој факт е од суштинско значение за разбирање и предвидување на движењето и развојот во современиот свет. Нивните интереси меѓусебно

ќе се вкрстуваат и судираат на разни простори. Таквите нивни конфронтации може да доведат до судири на светски план. Тие судири најсилно ќе бидат изразени на просторите на политички нестабилните и економски послабите земји. Бидејќи интересите на големите сили во ваквите земји се во постојан пораст, се очекува дека во наредната деценија нивните конфронтации ќе бидат токму во ваквите подрачја.

Како воено и кризно жариште, регионите на Блискиот и Средниот исток и понатаму ќе го заземаат централното место. Во моментов сеуште се актуелни случувањата во Ирак и Сирија, и понатаму горливите нетрпеливости меѓу Израел и Арапскиот свет, но и малку подалеку тлеечкиот Авганистан и закануваччката Северна Кореја. Се очекуваат нови престројувања во арапскиот свет. На една страна ќе бидат движењата со радикална ориентација а на друга оние кои ориентацијата ја бараат во платформите со демократска визија. Во ваквите калкулации не се исклучени можностите за регионална конфронтација на големите сили.

Ориентација на големите сили и алијанси изразена како интерес за економски послабите земји, ќе означува и перманентна опасност за вториве кои во наредниот период ќе бидат соочени со одредени безбедносни предизвици. Големие сили ќе ги користат сите несогласувања и спорови помеѓу одредени послаби земји со цел да се разгоруваат конфликти па дури и воени судири помеѓу нив. Обидите за предизвикување дифернцијација и поделби можат да бидат на основа на политички, идеолошки, релиогиозни, територијални и други мотиви.

Европа повеќе не е регионот со најголема концентрација на воена сила. Моделот на силите во иднината е дека силите нема повеќе да бидат концентрирани во простор и локација, туку ќе бидат обединети по дејство и цел, не само според доктрина и вежби туку исто така за оние (економски моќни и технички развиени) кои ќе можат да си дозволат поврзување на дигиталните информации и создавање на концентрација на сили на мрежно центрично војување  наместо концентрација на робустни сили во физичка смисла.

Мирот е генерално посакуван, но не мир по секоја цена (освен за строгите пацифисти). Луѓето посакуваат праведен светски мир. Тој ќе побарува договор во кој ќе преовладува правда и пренасочување на светското богатсво од оние кои имаат кон оние кои немаат. Ќе побарува толеранција на религиозни и политички движења и крај на културниот империјализам. И најважно, тој бара бришење на границите во менталитетот на „ние“ и „тие“. Тежнеењето кон правда, од државниците може да побарува да водат војна а тежнеењето кон мир може од нив да бара да се соочат со неправда. Клучното прашање е дали со жонглирањето на приоритетите на мирот и правда се постигнува вистинското, односно дали ентузијазмот за демократските вредности и човековите права го наметнуваат трајниот „незначителен“ причински став за војната?!

## Користена литература


[1] Бејлис, Џон, и Марк Смит. 2007. “Контрола над оружјето за масовно уништување.” *Во Стратегија во современиот свет, Вовед во стратешки студии*, (превод). Скопје: Нампрес 2009.

[2] Зенделовски, Горан, и Зоран Нацев. 2014. *Глобализација- мирот и безбедноста*. Скопје: Филозофски факултет- Скопје.

[3] Мекгру Е. 2009. "Глобализацијата и светската политика." *Во Глобализација на светската политика, Вовед во меѓународните односи*, (превод), Табернакул.

[4] European Western Balkans.2018. "Chronology of Serbia-NATO Relations." Accessed Novemeber 06, 2018.https://europeanwesternbalkans.com/2018/08/07/chronology-serbia-nato-relations/

[5] Marshall M., and Cole B. 2009. "Conflict, Governance and State Fragility" in *Global Report 2009*.: Centar for Systemic Peace.

[6] Momcilo, Pudar. 2010. "Svet bez gospodara". *Sluzbeni glasnik*: 228

[7] Samuel, Huntington. 1996. *The Clash of Civilizations: Remaking of World Order*. New York: Simon & Schuster.

[8] UNDP.2016. "Human development 2016". Human development for everyone. Accessed October 20, 2018.http://hdr.undp.org/sites/default/files/2016_human_development_report.pdf

[9] Vision of Humanity. 2018. "Global Peace Index 2018." Accessed Novemeber 1, 2018.http://visionofhumanity.org/indexes/global-peace-index/